**МЕЃУНАРОДНА МИСИЈА ЗА НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ**
**Поранешна југословенска Република Македонија – Локални избори,**
**24 март 2013**

**Извештај за првичните наоди и заклучоци**

**Скопје, 25 март 2013** – Овој извештај за првичните наоди и заклучоци е резултат на заедничките напори на Канцеларијата за демократски институции и човекови права при ОБСЕ и Конгресот на локалните и регионалните власти на Советот на Европа (Конгрес).

Амбасадорот Герт Хинрих Аренс е шеф на Набљудувачката мисијата за изборите на ОБСЕ/ОДИХР, воспоставена на 25 февруари 2013. Г-дин Јури Ландберг ја води делегацијата на Конгресот.

Беше направена проценка за да се утврди дали изборите се одржани во согласност со заложбите на ОБСЕ и стандардите на Советот на Европа, како и во согласност со домашното законодавство. Оваа изјава за првичните наоди и заклучоци се изготвува пред самото завршување на изборниот процес. Конечната оценка за изборите делумно ќе зависи и од спроведувањето на останатите фази на изборниот процес, особено сумирањето на резултатите и постапувањето по евентуални приговори и жалби по денот на изборите. Осум недели по завршувањето на изборниот процес ОБСЕ/ОДИХР ќе објави сеопфатен конечен извештај кој ќе вклучува и препораки за можни подобрувања. Извештајот на Конгресот ќе биде усвоен на пленарна седница во октомври 2013.

## Првични заклучоци

Локалните избори одржани на 24 март 2013 беа ефикасно спроведени и изразено конкурентни. Иако се водеше активна кампања, пристрасното и партиско медиумско покривање, мешањето на владините и партиските активности не секогаш овозможуваа терен за рамноправен натпревар помеѓу кандидатите. Меѓуетничките тензии ја засенија изборната кампања. Изборниот ден беше мирен, иако беа забележани некои неправилности.

Изборите се одржаа по неодамнешниот бојкот на парламентот и најавениот бојкот на изборите од страна на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ) кој што заврши на 1 март постигнат со договор помеѓу лидерите на СДСМ и Внатрешната македонска револуцинерна организација - Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО – ДПМНЕ) со посредство на Европската унија.

Правната изборна рамка е сеопфатна. Покрај амандманите усвоени во ноември 2012, Изборниот законик беше дополнително изменет во неделите пред изборите со цел да се продолжи рокот за поднесување кандидатури. Иако не е добра пракса да се менува правната рамка помалку од една година пред

изборите, последната измена наиде на сепартиски консензус. Во иднина потребно е да се извршат реформи кои ќе се осврнат на недореченостите во Изборниот законик.

Државната изборна комисија (ДИК) работеше ефикасно и транспарентно и ги испочитува изборните рокови. Сепак, ДИК гласаше по етничка линија за да дозволи повлекување на кандидатските листи, што негативно влијаеше на нејзината непристрасност и колегијалност. Иако седниците на ДИК беа отворени за набљудувачите на изборите и за медиумите, некои Општински изборни комисии не ги објавуваа своите состаноци на време и донесуваа одлуки во неформални работни групи со што ја намалија транспарентноста во однос на нивната работа.

Гледано во целост, процесот на регистрација на кандидатури беше инклузивен и им обезбеди на гласачите различен избор. Меѓутоа, одлуката да се продолжи рокот за регистрација на кандидати не се однесуваше на кандидатури поднесени од страна на групи на гласачи. Ова е спротивно на принципите пропишани во параграф 7.5 и 7.6 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 г., кои бараат властите да ги почитуваат правата на сите кандидати кои се кандидираат за политички функции без дискриминација.

Во согласност со законската обврска, секое трето место на кандидатските листи беше резервирано за помалку застапениот пол. Иако претходно немаше жени градоначалници, 32 жени се кандидираа за градоначалници на овие избори и 2 беа избрани во првиот круг, а 1 ќе оди во вториот круг. Во самите изборни органи беше испочитуван критериумот за застапеност на половите.

Кандидатите можеа да ги водат своите кампањи слободно и пристапот до јавен простор беше овозможен без ограничувања. Се водеше активна кампања. Цел на кандидатите обично беа на гласачите од сопствените етнички заедници. Наводите за заплашување на гласачи и злоупотреба на државните ресурси продолжија во текот на целата кампања. НМИ на ОБСЕ/ОДИХР забележа неколку случаи на материјал за кампања поставен на државен имот, како и владини функционери кои со владини возила присуствуваа на предизборни настани во работно време. Поматувањето на границата помеѓу државните активности и партиската кампања не е во согласност со параграф 5.4 од Копенхашкиот договор на ОБСЕ од 1990 г.

119.000 граѓани беа избришани од гласачкиот список пред изборите бидејќи не поседуваа биометриска лична карта или пасош. Ваквото чистење на избирачкиот список наиде на поддршка од сите големи партии. И покрај зголемената доверба во точноста на избирачкиот список, продолжија да се поднесуваат приговори и на денот на избори. Би било добро процедурите за составување и одржување на списоците да подлежат на понатамошно подобрување.

Бројот на приговори поднесени до судовите беше минимален и многу засегнати страни ја известија НМИ на ОБСЕ/ОДИХР дека тие немаат доверба во

процедурите за приговори и во судовите. ДИК не постапи по 400 приговори во врска со водење на кампања пред дозволениот рок поднесени пред денот на изборите. Отсуството на јасни процедури за постапување по предизборни приговори од страна на ДИК не гарантира ефикасна реакција, како што е пропишано со парагараф 5.10 од Копенхашкиот документ.

Иако медиумите следени од страна на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР обезбедија опширно покривање на кампањата во вестите, јавниот радиодифузен сервис и неколку приватни радиодифузери покажаа пристрасност во корист на владејачката коалиција. Електронските медиуми не успеаја да направат разлика помеѓу државните активности и партиска кампања. Иако јавниот радиодифузен сервис обезбеди бесплатно претставување на кандидатите и креираше посебна програма во која ги покриваше активностите во кампањата, тие не беа емитувани во ударните термини што ја ограничи нивната потенцијална гледаност.

Процесот на гласање се одвиваше тивко и мирно, но сепак процедурите не беа испочитувани во некои од посетените гласачки места. Продолжија случаите на групно гласање и тајноста на гласањето не секогаш беше испочитувана. Најголем дел на набљудуваните броења на гласови беа оценети позитивно, иако понекогаш беа забележани процедурални пропусти. Сумирањето на резултатите беше оценето позитивно во сите освен во пет од набљудуваните ОИК. ДИК објави првична проценка на излезност од 67%.

## ПРВИЧНИ НАОДИ

### Контекст

По присилното исфрлање на пратениците од опозицијата и медиумите од парламентот за време на гласањето на годишниот буџет на 24 декември 2012, Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ) и неколку негови коалициски партнери отпочнаа бојкот на парламентот. На 2 јануари 2013 СДСМ, исто така, објави дека ќе ги бојкотира и локалните избори доколку не се исполнат нивните барања.[1] Владејачката Внатрешно македонска револуционерна организација - Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО–ДПМНЕ) и СДСМ не можеа да најдат компромис за да ја разрешат политичката криза. Бојкотот на парламентот и на локалните избори заврши на 1 март кога Европската унија посредуваше во постигнувањето на договор помеѓу лидерите на двете партии.[2]

Трите најголеми етнички албански партии застапени во парламентот, Демократската унија за интеграција (ДУИ), Демократската партија на

[1] Во барањата влегуваат: објавување на предвремени парламентарни избори, реформа на Изборниот законик, опширно ревидирање на Избирачкиот список, оставки на министрите за финансии, за внатрешни работи, за правда и на Извршниот директор на јавниот радиодифузен сервис Македонската радио телевизија (МРТ).
[2] Текстот на договорот може да се најде на http://ec.europa.eu/commission_2010-2014/fule/headlines/news/2013/03/20130301_en.htm.

Албанците (ДПА) и Национална демократска преродба (НДП) не се вклучија во бојкотот и изјавија дека ќе учествуваат на овие избори.

Како резултат на политичката криза, изборите добија политичко значење кое го надмина општинскиот опсег. Лидерот на коалицијата на ВМРО–ДПМНЕ ги опиша изборите како референдум за иднината на земјата, додека пак лидерот на СДСМ изјави дека резултатите од изборите ќе одредат дали треба или не треба да се одржат предвремени парламентарни избори. Освен тоа, на изборите се гледаше како на важен тест во контекст на заедничката амбиција на сите главни политички партии со кој ќе се промовира евроатлантската интеграција на државата.

Изборите од 2013 беа првите одржани избори по спојувањето на пет општини во единствената општина Кичево. Намалувањето на бројот на општини и промената на демографскиот профил на Кичево доведе до зголемена меѓуетничка конкуренција во трката за градоначалник и советници.

## Правна рамка и изборен систем

Правната рамка за локалните избори е воглавно регулирана од Уставот и Изборниот законик. Освен амандамнот усвоен во ноември 2012, Изборниот законик беше дополнително изменет во неделите пред изборите со цел да се продолжи рокот за регистрација на кандидати.[3] Иако не е добра пракса да се менува правната рамка помалку од една година пред изборите, последната измена наиде на сепартиски консензус.[4] Останатите рокови во Изборниот законик, вклучувајќи го и денот на започнување на изборната кампања, не беа изменети за да се усогласат со ова продолжување, така што настана забуна за тоа кога е законски дозволено кандидатите да ја започнат својата кампања.

Иако според препораките на ОБСЕ/ОДИХР и Венецијанската комисија на Советот на Европа се извршија неколку реформи на Изборниот законик, сепак останаа недоречености кои треба да се адресираат вклучувајќи ги тука и одредбите за финансирање на кампањите, регистрацијата на кандидати и приговорите и жалбите. Меѓународната набљудувачка мисија за изборите го поздравува договорот на двете најголеми политички партии за продолжување на процесот на изборни реформи по овие избори.

Изборите за градоначалници и советници се одржуваат секои четири години во втората половина на март. Секоја од 80те општини и градот Скопје гласаат за градоначалник и советници. Градоначалниците се избираат по мнозински систем во два круга. Доколку ниеден кандидат не добие повеќе од 50 насто од гласовите во првиот круг, тогаш во рок од две недели се одржува втор круг

[3] Амандманите од ноември 2012 беа усвоени со тесно мнозинство во парламентот (66 од 123 пратеника) со тоа што опозициските партии се воздржаа од гласање.
[4] Кодот за добри практики за изборни прашања на Венециската комисија препорачува „основните елементи на изборниот закон да не бидат менувани помалку од една година пред избори.'' http://venice.coe.int/webforms/documents/CDL-AD%282002%29023rev-e.aspx

помеѓу кандидатите кои добиле најголем број гласови. Исто така, постои услов според кој за да изборите бидат важечки во првиот круг потребно е една третина од гласачите запишани во избирачкиот список да излезат на гласање.

Општинските советници се избираат по пропорционален модел со затворени листи и без услов за излезност. Бројот на советници во една општина зависи од населението во истата. Бројот на советници не може да биде помал од 9 и поголем од 33, освен во градот Скопје каде што бројот е 45.

## Изборна администрација

Локалните избори беа спроведени од страна на изборна администарција на три нивоа – Државна изборна комисија (ДИК), 80 Општински изборни комисии (ОИК) и Изборната комисија на Град Скопје и 2.976 Избирачки одбори (ИО). Претседателот на ДИК и два члена беа именувани од страна на опозициските партии додека заменик претседателот и трите останати членови беа именувани од страна на владејачките партии. ОИК се професионални органи кои се состојат од пет члена – јавни службеници избрани по случаен избор. ИО се од мешан професионален и политички состав со еден член именуван од страна на владејачките партии, еден од опозициските партии и три јавни службеници избрани по случаен избор. Во согласност со Изборниот законик, беше запазена етничката и половата застапеност во самите ОИК и ИО.[5]

Општо земено, ДИК работеше ефикасно и транспарентно и ги испочитува сите изборни рокови. Седниците на ДИК беа отворени за набљудувачите на изборите и за медиумите и одлуките и записниците од седниците беа објавени на веб страната на ДИК, според дадената препорака на ОБСЕ/ОДИХР. Меѓутоа на 8 март членовите на ДИК гласаа на етничка основа за да дозволи повлекување на кандидатските листи во етнички мешаните општини Кичево и Струга, што негативно се одрази на непристрасноста и колегијалноста на ДИК.

Некои ОИК не ги најавуваа своите состаноци на време и одлуките често беа донесувани во работни групи кои не беа јавни, на тој начин поткопувајќи ја нивната трансапрентност. Мнозинството ОИК се соочија со финансиски проблеми во однос на навременото примање на потребните финансиски средства и во некои случаи поради тоа членовите на ОИК користеа свои лични средства.[6] Согласно законската обрврска, ОИК одржаа обуки за членовите на ИО. Едукацијата на гласачите превземена од страна на ДИК беше ограничена.

[5] Според член 21 од Изборниот законик, етничките заедници кои претставуваат повеќе од 20% од анселението на една општина треба да бидат застапени во ОИК и ИО, додека пак најмалку 30% од членовите на сите изборни комисии треба да бидат од различен пол од другиот.

[6] ДИК ја извести НМИ на ОБСЕ/ОДИХР дека од септември 2012 тие имаат испратено повеќе од 20 писма до владата, парламентот и градоначалниците за да побараат финансиска поддршка за 25 општини. ОИК од Делчево, Демир Хисар, Долнени, Гостивар, Липково, Ранковце, Студеничани, Шуто Оризари и Врапчиште ја известија НМИ на ОБСЕ/ОДИХР дека немаат добиено пари од општините.

## Запишување на гласачите во избирачкиот список

ДИК е одговорна за ажурирање на избирачкиот список врз основа на податоците извадени од постојаниот регистар на државјани на Министерството за внатрешни работи. Сите граѓани кои имаат 18 години или повеќе на денот на избори, кои имаат жителство во нивната општина, имаат важечка биометриска лична карта или пасош и на кои не им е одземена деловната способност со судска одлука се стекнуваат со право на глас.

119.000 граѓани беа отстранети од избирачкиот список пред овие избори бидејќи не поседуваа биометриска лична карта или пасош. Ова чистење на избирачкиот список беше поддржано од страна на сите партии. И покрај зголемената доверба во точноста на избирачкиот список, продолжија да се поднесуваат приговори и на изборниот ден. Би било корисно во иднина да се подобрат процедурите за составување и ажурирање на избирачкиот список.

Граѓаните можеа да го проверат избирачкиот список помеѓу 26 јануари и 9 февруари во регионалните канцеларии на ДИК или преку интернет програма за пребарување. Кандидатите можеа да побараат копија од избирачкиот список од ДИК во книжна или електронска форма. Вкупно, 1.743.403 граѓани беа регистрирани за гласање на овие избори.

## Регистрација на кандидати

Кандидатите мора да бидат лица со право на глас и да бидат жители на општината каде се кандидираат. На локалните избори може да се кандидираат кандидати предложени од страна на регистрирани политички партии, коалиции на политички партии или независни кандидати предложени од страна на група на гласачи. До ревидираниот рок на 8 март беа поднесени вкупно 350 листи за градоначалници и 480 листи за советници од страна на 16 политички партии, 8 коалиции и 97.[7] Согласно законската обврска, секое трето место на кандидатските листи беше резервирано за помалку застапениот пол. Иако претходно немаше жени градоначалници, 32 жени се кандидираа за градоначалници на овие избори и 2 беа избрани во првиот круг, а 1 ќе оди во вториот круг.

Гледано во целост, регистрацијата на кандидати беше инклузивно и на гласачите им обезбеди различен избор. Меѓутоа, продолжувањето на рокот за регистрација на кандидати се однесуваше само на политичките партии и коалициите, а не и на групи на гласачи.[8] Ова е спротивно на принципите пропишани во параграф 7.5 и 7.6 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990

[7] Неколку политички партии на кои им беше одбиено барањето за регистрација поради доцнење во поднесувањето на барањето можеа да се регистрираат во новиот рок..
[8] НМИ на ОБСЕ/ОДИХР е запознаена со најмалку еден случај во општината Чучер Сандево каде на група на гласачи чија листа првично беше одбиена поради доцнење во поднесувањето исто така и беше одбиено регистрирањето во новиот рок.

г. кој ги обврзува властите да ги почитуваат правата на сите кандидати за политичка функција без дискриминација.[9]

И покрај инаку конфронтирачките односи помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, овие две партии постигнаа договор за поднесување на заеднички листи на кандидати за советници во Кичево и Струга, каде се очекуваше тесна трка помеѓу албанските и македонските кандидати. Договорот да поднесат заедничка листа на кандидати за советници беше склучен откако ВМРО-ДПМНЕ веќе ја имаше поднесено својата листа на кандидати за советници поради што партијата побара од ДИК да ја повлече својата листа на кандидати за советници од овие две општини. Одлуката на ДИК да го дозволи повлекувањето на листите на кандидати за советници не беше прифатена од двете ОИК кои ги одбија листите поднесени од СДСМ бидејќи на нив имаше кандидати кои веќе фигурираа на утврдените листи на ВМРО-ДПМНЕ.[10] СДСМ го обжали одбивањето на нејзините листи во Управниот суд, кој на 9 март ги поништи одлуките на двете ОИК. ДУИ и ДПА изразија сомневање во законитоста на судската одлука тврдејќи дека ДИК нема надлежност да одобрува повлекување на листи. ДПА во Кичево јавно ја поддржа листата на кандидати на ДУИ.[11]

## Кампањата

Изборната кампања официјално започна на 4 март и заврши на полноќ на 22 март. НМИ на ОБСЕ/ОДИХР забележа неколку случаи на водење кампања пред официјалниот почеток. Освен тоа, поради продолжените рокови за регистрација, партиите од коалицијата водена од СДСМ ја започнаа кампањата пред нивните листи да бидат одобрени од ОИК.

Кандидатите можеа слободно да ги водат своите кампањи и имаа слободен пристап до јавните површини без ограничувања. Се водеше активна кампања која се интензивираше во последните две недели пред денот на избори. Насекаде низ градовите и по главните патишта се забележуваа билборди, постери и банери, а најголема видливост имаа оние на ВМРО-ДПМНЕ. Канидатите, исто така, се потпираа на кампањата “од врата на врата“, изборни митинзи и собири, како и на социјалните мрежи и веб страните со цел да допрат

---

[9] Параграф 7.5 пропишува земјите членки „да го почитуваат правото на граѓаните да се кандидираат за политички и јавни функции, поединечно или како претставници на политички партии или организации, без дискриминација.’’ Параграф 7.6 понатаму пропишува дека земјите членки треба „да го почитуваат правото на поединци или групи да основаат во целосна слобода нивни политички партии или други политички организации и да ги обезбедат политичките партии и организации со неопходната правна гаранција што ќе им овозможи да си конкурираат едни со други врз основа на еднаков третман пред законот и од властите.

[10] Член 57(2) од Изборниот законик забранува еден кандидат да се кандидира на две различни листи на кандидати. НМИ на ОБСЕ/ОДИХР беше известена дека на кандидатските листи на СДСМ за Струга и Кичево има 12 односно 13 кандидати кои веќе се наоѓаат на листите на ВМРО-ДПМНЕ.

[11] На 4 март ДИК изјави дека не постојат правни процедури според кои ДИК може да ги менува кандидатските листи. Записниците од седниците на ДИК се достапни на http://www.sec.mk/index.php?option=com_content&view=category&layout=blog&id=42&Itemid=103

до гласачите.[12] Кандидатите обично целеа на гласачи од своите етнички заедници.

Неодамнешната политичка криза го изостри тонот на кампањата и употребата на етнички разединувачка реторика доведе до засилување на внатреетничкиот и меѓуетничкиот контекст.[13] Иако кампањата беше генерално мирна, низ земјата беа забележани неколку случаи на вандализирани изборни штабови, физички напади и уништен или отстранет материјал за кампања.[14] Насилните протести во врска со назначувањето на Талат Џафери за нов министер за одбрана на почетокот на кампањата доведоа до размена на обвинувања меѓу некои политички партии за поттикнување на етнички тензии, што резултираше со повици за мир од страна на меѓународната заедница и домашните граѓански здруженија. Со цел да промовираат позитивна атмосфера во кампањата, кандидатите од Скопје и некои други општини потпишаа кодекс на однесување за поддршка на мирна и фер кампања.

Наводите за заплашување на граѓаните и злоупотреба на државни ресурси продолжија за време на кампањата. НМИ на ОБСЕ/ОДИХР забележа неколку случаи на партиски материјал за кампања поставен на државен имот, вклучувајќи бандери, јавни згради и мостови што е спротивно на член 82 од Изборниот законик. НМИ на ОБСЕ/ОДИХР, исто така, забележа како неколку случаи на владини функционери кои учествуваа во кампањата со службени возила, дури и кога безбедносната ситуација не го налагаше тоа. Покрај тоа, во текот на кампањата владата најави покачување на пензиите, на социјалната помош и на финансиската поддршка на земјоделските производи. Извесен број на соговорници на НМИ информираа за заплашувања на гласачи, особено на вработените во јавниот сектор. Сето ова ја помати границата помеѓу државна активности и кампањата и не е во согласност со параграф 5.4 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990.[15]

## Финансирање на кампањата

Сите изборни кандидати се обврзани да отворат посебна банкарска сметка за средства за кампањата и да поднесат извештај за трошоците за кампањата до ДИК, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупција. Според претходните препораки на ОБСЕ/ОДИХР, Министерството за финансии креираше формулар за финансирање на кампања по ставки и ги

[12] НМИ на ОБСЕ/ОДИХР набљудуваше 54 митинзи.

[13] На пример, на 13 март на еден митинг во Струга премиерот одржа говор во кој предупредуваше за напорите за мобилизирање на гласачи од страна на „другите’’ и ги повика Македонците да гледаат пошироко од партиските поделби бидејќи „Струга има проблем кој треба да се реши.’’ Во Кичево, кандидатот на ДУИ, Фатмир Дехари, на својот профил на една социјална мрежа објави своја фотографија во воена опрема како држи автоматско оружје.

[14] Вклучувајќи го штабот на кандидатот за градоначалник на Карпош, Јакимовски, како и штабот на ДУИ во Кичево и на СДСМ во Охрид. Покрај тоа, Ајдуван Мамудов, шеф на изборниот штаб на кандидатот Неждет Мустафа (Обединети демократски сили на Ромите) беше нападнат на 20 март и случајот е под истрага.

[15] Параграф 5.4 од Копенхашкиот документ од 1990 пропишува „ јасна поделеност помеѓу државата и политичките партии; особено, политичките партии не смее да се слеат со државата.’’

обучи политичките партии како да ги пополнуваат извештаите. Првите извештаи требаше да се поднесат до 14 март, меѓутоа, рокот беше продолжен до 19 март за оние кои се кандидираа во текот на продолжениот рок.[16] Според ДИК 83 од 121 извештај биле поденсени на време.[17] Овие извештаи покажуваат дека ВМРО-ДПМНЕ е во значителна финансиска предност и потрошила три пати повеќе од нејзиниот најблизок конкурент.[18] Вториот извештај требаше да се поднесе до 23 март, а конечниот во рок од 30 дена по завршувањето на кампањата. Законот не пропишува обврска за поднесување финансиски извештај за кампањата во случај на втор круг на избори.

Иако трошоците за кампања се ограничени на 180 МКД (3 евра) по гласач запишан во избирачкиот список во општината каде се поднесува листата на кандидати, организаторите на кампањата се обврзани да поднесат единствен извештај за сите нивни листи не поделен по општини. На тој начин не е возможно да се утврди дали е пречекорено ограничувањето на трошоците. Покрај тоа, останува да загрижува прагот на различната горна гранција на донациите зависно од тоа дали се работи за физички или правни лица.

## Медиуми

Во земјата постојат голем број на регистрирани медиуми. Тие се поделени по јазична и политичка линија. Телевизијата е главен извор на политички информации. Од минатите избори до сега, затворањето на два електронски и неколку печатени медиуми значително го намали бројот на медиуми со критички осврт кон Владата. Медиумското покривање на кампањата е регулирано со Изборниот законик, Законот за радиодифузна дејност и Правилниците усвоени од Советот за радиодифузија (СРД). Електронските медиуми се обврзани да обезбедат рамноправно покривање на кампањата, а постојат и одредби за бесплатно претставување во медиумите и за платено рекламирање.

Медиумите следени од страна на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР обезбедија опширно покривање на кампањата во вестите и покажаа забележителна пристрасност кон владејачките партии и во кванитет и во квалитет.[19] Сите следени електронски медиуми, освен *Телма,* редовно известуваа за владините активности, но не правеа разлика помеѓу државните активности и активностите на изборната кампања. Јавниот радиодифузер МРТ не обезбеди изедначено покривање на кампањата. Првиот канал на *МРТ, МРТ 1,* посвети 29% од вестите на владата и 27% на ВМРО-ДПМНЕ во главно со неутрален или позитивен тон. СДСМ доби

[16] Одлуката на ДИК се заснова на член 15.3 од Изборниот законик, кој пропишува дека изборните рокови ги определува ДИК. Меѓутоа, овој член се однесува само на парламентарни избори.
[17] Не сите институции ги објавија извештаите како што е пропишано со закон.
[18] Според извештаите вкупната сума која ја потрошила ВМРО-ДПМНЕ изнесува 729.826 евра, додека пак СДСМ вкупно 222.098 евра. Извештаите се достапни на http://www.dksk.org.mk/.
[19] НМИ на ОБСЕ/ОДИХР изврши мониторинг на ударните термини (18:00 до 24:00) на седум телевизиски канали: МТВ 1 (јавен) и МТВ 2 (јавен) и Сител, Канал 5, ТВ Телма, Алфа, Алсат-М; весници: *Дневник, Нова Македонија, Фокус, Коха, Журнал+.*

исклучиво неутрален или негативен тон. *МРТ 2,* која прикажува програма на јазиците на малцинствата, постапи на сличен начин и посвети 27% со најчесто неутрален тон на владата и 21% на ДУИ, додека пак другите големи партии добија помеѓу 8% и 12% со најчесто неутрален тон.

Што се однесува до приватните канали, *Сител* и *Канал 5* им беа наклонети на владејачките партии и најчесто имаа негативен тон кон опозицијата, додека пак *Телма, Алфа* и *Алсат-М* понудија понеутралено покривање. *Сител* одвои 49% од покривањето на кампањата во вестите за ВМРО-ДПМНЕ, 21% за СДСМ и 16% за владата. *Канал 5* посвети 36% на ВМРО-ДПМНЕ, 26% на СДСМ И 16% на владата. *ТВ Телма* одвои 25% за ВМРО-ДПМНЕ и 32% за СДСМ и *Алфа* посвети 34% на ВМРО-ДПМНЕ и 30% на СДСМ. *Алсат-М* повеќе се фокусираше на етничките албански партии и посвети 24% на ДУИ, 12% на ДПА, 10% на НДП и по 17% на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ.

МРТ постапи согласно својата обврска да им обезбеди бесплатно претставување на изборните натпреварувачи.[20] Меѓутоа, бесплатното претставување беше емитувано надвор од ударните термини што ја намали потенцијалната гледаност, како и интересот на кандидатите да го искоритат тоа време. МРТ изготви посебна програма, *Изборна хроника,* за да обезбеди подетално покривање на изборната кампања. Меѓутоа, оваа програма, исто така, беше емитувана надвор од ударните термини и повеќе од половина беше посветена на ВМРО-ДПМНЕ. Додека *МРТ 1* не организира никакви дебати, на *МРТ 2* се одржаа 17 дебати помеѓу етнички албанските партии од кои мнозинството беа приклонети на ДУИ.

Секој електронски медиум може да продаде до 15 минути на час за платено политичко рекламирање и секој кандидат може да купи 10 минути од тоа време. Мониторингот на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР покажа дека ВМРО-ДПМНЕ користеше многу повеќе платена политичка реклама за разлика од другите кандидати кои користеа многу помалку.

СРД е обврзан да го мониторира придржувањето до законот од страна на електронските медиуми и да реагира на извесните неправилности. Врз основа на своите резултати од мониторингот на медиумите, СРД покрена 24 прекршочни пријави против 17 телевизиски канали и нивните главни уредници за прекршување на правилата за платено политичко рекламирање и емитување на платени реклами од државниот буџет. Покрај тоа, мониторингот на СРД откри неизбалансираност во покривањето на вестите во корист на владејачките партии на повеќето национални електронски медиуми, какко и прекршување на правилата за претставување на анкети за јавното мислење од страна на *Сител и Радиото на МРТ*. СРД не презеде никакви дејства по овие прашања пред денот на изборите.

## Приговори и жалби

[20] МРТ одвои две минути за секој кандидат за градоначалник и една минута за секоја кадидатска листа за општински совет.

ДИК е надлежна за приговорите во врска со запишувањето на гласачите во избирачкиот список, повредување на правото на граѓаните да гласаат на денот на избори и за гласањето, броењето и сумирањето на резултатите. Жалбите по овие одлуки се поднесуваат до Управниот суд, чии одлуки се конечни. Иако роковите за постапување по приговорите и жалбите во врска со заштитата на правата на кандидатите и на гласачите се кратки, Управниот суд се придржуваше до истите.[21] Спротивно на претходните препораки на ОБСЕ/ОДИХР, ДИК може да одлучува за приговори поднесени на денот на изборите само доколку барем два приговори се поднесени за истото гласачко место.[22]

Единаесет приговори беа поднесени до Управниот суд во текот на периодот за регистрација на кандидати. Овие приговори се однесуваа на одбивањето на листи на кандидати од страна на ОИК и четири од нив беа прифатени. Со продолжувањето на рокот за регистрација на кандидати, три кандидатски листи кои беа одбиени од ОИК поради задоцнето поднесување, беа повторно поднесени и прифатени.[23]

До ДИК пристигнаа преку 400 приговори за предвремено започнување со кампања, но Комисијата не постапи по истите пред денот на избори. Недостигот од јасни процедури за постапување по предизборни приговори од страна на ДИК не гарантира ефикасна реакција, како што е пропишано со параграф 5.10 од Копенхашкиот документ од 1990 г.[24] Претставниците на некои партии и рекоа на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР дека тие не поднеле приговори бидејќи не верувале во процедурите за приговори и во судовите.

## Домашни и меѓународни набљудувачи

Изборниот законик пропишува набљудување од страна на меѓународни и домашни набљудувачи, како и од страна на овластени претставници на кандидатите на сите нивоа на изборната администрација. Домашните групи на набљудувачи кои распоредија најголем број на набљудувачи се МОСТ, ЦИВИЛ и Институтот за демократија. Во согласност со претходните препораки на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР сите набљудувачи имаа право да добијат копија од записникот за гласање од ОИК и ИО.

## Денот на избори

[21] Во некои случаи жалителот мора да поднесе жалба во рок од 24 часа по добивањето на одлуката од ОИК и Управниот суд мора да одлучи во рок од 24 часа. За приговори во однос на заштита на правото на глас, ДИК мора да одлучи во рок од 4 часа по поднесувањето на приговорот. Управниот суд мора да одлучи во рок од 24 часа по примањето на одлуката од ДИК.
[22] Член 31(2)35 од Изборниот законик.
[23] Сојузот на Титови леви сили во општините Аеродром и Карпош и Социјалдемократска унија во Ѓорче Петров.
[24] Параграфот 5.10 пропишува дека „секој ќе има ефикасни средства за жалба против админситративните одлуки со цел да се испочитуваат основните права и да се обезбеди правен интегритет.’’

Денот на изборите беше тивок и мирен иако беа забележани технички неправилности. Неколку партии искажаа загриженост за големиот број на гласачи од дијаспората кои се вратија за да гласаат на денот на избори. Првичните бројки објавени од ДИК проценуваат 67 % излезност. ДИК започна да соопштува резултати ноќта на денот на изборите и ги објави на својата веб страна по општини и гласачки места.

Предвременото гласање за болните и немоќни лица, за затворениците и внатрешно раселените се одржа на 23 март. Севкупната оценка на Меѓународната мисија за набљудување на изборите (ММНИ) беше позитивна за 55 од 66 набљудувани случаи. Но, во 13 случаи не беше испочитувана тајноста на гласањето, додека пак разбирањето на процедурата за гласање од страна на гласачите беше оценета негативно во 26 случаи. Набљудувачите на ММНИ забележаа дека некои затвореници не беа запишани во избирачкиот список. Домашните набљудувачи беа присутни на 30% од набљудувани случаи на гласање во домови или затвори.

Набљудувачите на ММНИ го оценија како позитивно отворањето на гласачките места во 99% од посетените места. 17 од набљудуваните гласачки места беа отворени со мало доцнење, но тоа не ги спречи гласачите да гласаат.

Севкупната оценка на процесот на гласање беше добар и многу добар во 94% од набљудувањата. Набљудувачите на ММНИ не беа попречувани и можеа да ги набљудуваат процедурите во 98% од случаите. Меѓутоа, беа забележани процедурални неправилности во 11% од посетените гласачки места. Тука спаѓаат: групно гласање (15%), почитување на тајноста на гласањето (12%), гласање во име на друг (3.5%) и неправилно запечатени гласачки кутии (3%). Во 95 набљудувани случаи гласачите беа вратени бидејќи нивните имиња не биле на избирачкиот список во конкретното гласачко место. Работата на ИО и нивното разбирање на процедурите за гласање беа оценети позитивно во 90% од набљудуваните случаи.

Покрај тоа, ММНИ забележа дека тајноста на гласањето можеше да биде загрозена во 60 гласачки места со помалку од 10 запишани гласачи.

Броењето на гласовите беше оценето позитивно во 66 од 81 набљудувани броења на гласови и набљудувачите на ММНИ можеа јасно да ја набљудуваат процедурата за броење во 97% од случаите. Меѓутоа, процедурата за броење беше неорганизирана во 24 набљудувани случаи и во 18 набљудувани броења беа направени процедурални грешки. Додека транспарентноста на броењето беше оценета позитивно во 92% од набљудувањата, во 44% од набљудуваните гласачки места записниците од гласањето не беа јавно објавени како што е пропишано во Изборниот законик.

Севкупната оценка на процесот на сумирање на резултатите беше оценета како добра или многу добра во 93% од набљудуваните ОИК при што набљудувачите генерално можеа да набљудуваат без пречки. Во 18 од набљудуваните случаи

беа забележани противречности во записниците од гласањето на ИО; истите потоа беа поправени од ОИК.

Домашните набљудувачи беа присутни на отворањето на 72% од набљудуваните гласачки места, тие беа присутни на гласањето на 74% од набљудуваните гласачки места и на 80% од гласачките места за време на броењето. Покрај тоа, на 96% од набљудуваните гласачки места беа присутни овластени претставници на кандидатите. 46% од претседателите на ИО во набљудуваните гласачки места беа жени.

***Англиската верзија на овој извештај е единствениот официјален документ. Обезбеден е и неофицијален превод на македонски и албански јазик.***

## ИНФОРМАЦИИ ЗА МИСИЈАТА И БЛАГОДАРНОСТ

**Скопје, 25 март 2013 г**. – Набљудувачката мисија за изборите на ОБСЕ/ОДИХР (НМИ) започна со работа на 25 февруари со 11 експерти во главниот град и 16 долгорочни набљудувачи распоредени низ земјата.

На денот на изборите беа распоредени 215 краткорочни набљудувачи, вклучувајќи 15 члена делегација на Конгресот на локални и регионални власти при Советот на Европа. На изборите имаше набљудувачи од 30 земји членки на ОБСЕ. Гласањето беше набљудувано во 831 гласачко место од вкупно 2.976. Броењето беше набљудувано во 80 гласачки места. Сумирањето беше набљудувано во 66 од вкупно 81 ОИК.

Сите институции кои имаа претставници во овој процес ја изразуваат својата благодарност до властите за добиената покана за набљудување на изборите, до Државната изборна комисија за соработката и за издавањето на неопходната документација за акредитација, до Министерството за надворешни работи и сите останати државни органи за понудената помош и соработка. Овие институции исто така ја изразуваат својата благодарност до Мисијата на ОБСЕ во Скопје и до другите меѓународни институции за нивната соработка и поддршка.

За повеќе информации ве молиме обратете се до:

- Амбасадорот Герт-Хинрих Аренс, Шеф на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР во Скопје (+389 (0)2 3255 200);
- Г. Томас Рајмер, портпарол на ОБСЕ/ОДИХР (+389 72 209 788 или +48 609 522 266) или г-а Тамара Отиашвили, Советник за избори при ОБСЕ/ОДИХР во Варшава (+48 22 5200 680).
- Г. Јури Ландберг, Шеф на делагацијата на конгресот (+3725278287) или г-ѓа Рената Зикмунд, Шеф на оддел, Конгрес на локални и регионални власти на Советот на Европа во Стразбур (+33 659 786 455).

**Адреса на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР:**
Бул. Илинден 76, 1000 Скопје
Тел.: +389 (0)2 3255 200, факс: +389 (0)2 3255 201, е-пошта: office@odihr.org.mk